**ЗАКОН ЗА СУДСКА СЛУЖБА**
**(„Службен весник на Република Македонија” бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018, 248/18)**

**1. Во колку категории се класифицираат работните места на судските службеници?**

а) 2
б) 3
в) 4

**2. Со судската полиција во судовите раководи:**

а) Претседателот на судот
б) Судскиот администратор
в) Командирот на судска полиција

**3. Кој раководи со судската служба во судот?**

а) Претседателот на судот
б) Раководителот на оддел
в) Судскиот администратор

**4. Судски службеник е лице кое во судовите врши:**

а) стручни, управно-надзорни, административно-технички, помошно-технички, извршни, статистички и материјално финансиски работи
б) стручни, административно-технички, помошно-технички, извршни, статистички и материјално финансиски работи, како и судската полиција
в) стручни, административни, информатички, технички, статистичко-аналитички и материјално-финансиски работи

**5. Регистарот на вработените во судската служба, како единствена банка на податоци се води во:**

а) Стручната служба на Советот на судска служба
б) Стручната служба на Судскиот буџетски совет
в) Стручната служба на Судскиот совет на Република Македонија

**6. Кој доставува извештај до судскиот буџетски совет за извршеното оценување?**

а) Раководниот судски службеник
б) Претседателот на судот
в) Судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор

**7. До кого се доставува извештајот за извршеното оценување на судските службеници?**

а) Стручната служба на Советот на судска служба
б) Стручната служба на Судскиот буџетски совет
в) Стручната служба на Судскиот совет на Република Македонија

**8. Описот на звањата на судските службеници ги пропишува со Акт:**

а) Министерство за правда
б) Советот на судската служба
в) Стручната служба на Судско буџетски совет

**9. Кој ја формира Комисијата за водење дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда на судски службеник?**

а) Претседателот на судот
б) Судскиот администратор односно претседателот на судот во кој нема Судски администратор
в) Советот на судска служба

**10. Кој го утврдува бројот на припадници на судската полиција?**

а) Министерот за правда
б) Судскиот администратор
в) Претседателот на судот

**11. Советот на судска служба одлучува по жалба против решение со кое на судскиот службеник му е повредено правото од работен однос:**

а) во рок од 15 дена од приемот на жалбата
б) во рок од 8 дена од приемот на жалбата
в) во рок од 5 дена од приемот на жалбата

**12. Советот на судска служба го сочинуваат:**

а) 7 члена
б) 9 члена

в) 11 члена

**13. Платата на судскиот службеник се состои од следните компоненти:**

а) Основна плата и компонентата додаток на плата за звање и кариера
б) Основна плата и компонентата минат труд
в) Основна и исклучителна компонента

**14. Дисциплинските мерки против судскиот службеник за полесна дисциплинска мерка ги изрекува:**

а) Раководителот на службата
б) Претседателот на судот
в) Судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор

**15. Судскиот службеник на кој со решение му е повредено некое право од работен однос има право на жалба до:**

а) Претседателот на судот
б) Советот на судска служба
в) Судскиот администратор

**16. Годишниот план за обука на судските службеници го подготвува:**

а) Академија за судии и јавни обвинители
б) Судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор
в) Раководен судски службеник

**17. Право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против судски службеник има:**

а) Претседателот на судот
б) Секој судски службеник и друго лице
в) Судскиот администратор

**18. За време на штрајк судскиот службеник има право на плата во висина на:**

а) 60% од платата што ја примил претходниот месец

б) 40% од платата што ја примил претходниот месец
в) 50% од платата што ја примил претходниот месец

**19. Кој ја формира комисијата за избор на судски службеник:**

а) Претседателот на судот
б) Судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран Судски администратор
в) Советот на судска служба

**20. Вработените во судската служба имаат право на годишен одмор во траење од :**

а) Од 20 до 26 работни дена
б) Од 18 до 26 работни дена
в) Од 15 до 24 работни дена

**21. Судската служба ја сочинуваат**:

а) судските службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судската полиција
б) судските службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи
в) судските службеници и лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи

**22. Судскиот службеник со звање судски соработник и соработник спаѓа во категорија со ниво:**

а) Б2
б) В3
в) В4

**23. Судскиот службеник со звање судски референт и референт спаѓа во категоријатасо ниво :**

а) Г2
б) Г1
в) Г3

**24. Во која категоријата спаѓаат работните места Раководните судски службеници:**

а) А

б) Б
в) В

**25. Пополнување на работно место на судски службеник се врши преку спроведување на постапка за:**

а) Вработување преку објавување на јавен оглас, унапредување преку објавување на интерен оглас и мобилност преку распоредување или превземање
б) Вработување преку објавување на јавен оглас и унапредување преку објавување на интерен оглас
в) Вработување само преку објавување на јавен оглас

**26. Барањето за пополнување на работно место Претседателот на судот го доставува до:**

а) Министерство за финансии
б) Министерство за правда
в) Судски буџетски совет

**27. Вработениот во судската служба има право да отсуствува од работа без надоместок на плата и придонеси од плата во текот календарската годината најдолго до:**

а) еден месец
б) два месеци
в) три месеци

**28. Годишниот одмор се користи најдоцна до:**

а) до 31 декември во тековната година
б) до 30 јуни идната година
в) до 31 мај идната година

**29. Кој го изготвува сублимираниот извештај за извршеното оценување на судските службеници?**

а) Судски совет
б) Министерство за правда
в) Судскиот буџетски совет

**30. Кој го донесува решението за неплатено отсуство?**

а) Судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор
б) Претседателот на судот
в) Советот за судска служба

**31. Одлуката избор во постапката за унапредување на судски службеник ја донесува:**

а) Претседателот на судот
б) Судскиот администратор односно преседателот на судот во кој не е избран судски администратор
в) Комисијата за селекција за унапредување

**32. Постапката за селекција за унапредување на судските службеници се состои од:**

а) административна селекција и интервју
б) административна селекција, стручен испит и интервју
в) стручен испит и интервју

**32. Комисијата за селекција за унапредување е составена:**

а) седум члена
б) пет члена
в) три члена

**33. Судот јавниот оглас го објавува по претходна согласност од:**

а) Министерство за финансии
б) Судски буџетски совет
в) Доколку судот има средства не мора да се бара согласност

**34. По жалби и приговори на одлуки за остварување права од работен однос на вработените во судската служба во втор степен одлучува:**

а) Судскиот буџетски совет
б) Судскиот совет
в) Советот на судска служба

**32. Комисијата за водење дисциплинска постапка за потешка дисциплинска повреда е составена од:**

а) три члена

б) пет члена
в) седум члена

**35. Стручно административните работи за Советот на судска служба ги врши одделение во состав на:**

а) Судскиот совет
б) Врховен суд
в) Судскиот буџетски совет

**36. Доколку се утврди дека вработен во судска служба при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување:**

а) одговара кривично
б) одговара дисциплински
в) му престанува вработувањето

**37. Изразување и застапување на политичко уверување во вршењето на службените задачи:**

а) претставува полесна дисциплинска повреда
б) претставува потешка дисциплинска повреда
в) не претствува дисциплинска повреда

**38. Начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на образецот за оценување го пропишува:**

а) Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија
б) Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија
в) Министерот за правда

**39. Правилниците во врска со вработување и унапредување на судските службеници ги пропишува:**

а) Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија
б) Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија
в) Министерот за правда

**40. Одговорноста на судскиот службеник за сторено кривично дело односно прекршок:**

а) ја исклучува дисциплинската одговорност
б) не ја исклучува дисциплинската одговорност

в) ја исклучува дисциплинската одговорност само ако е поведена кривична односно прекршочна постапка

**41. Работното време во работната недела (полно работно време) согласно со закон изнесува:**

а) 40 часа
б) 42 часа
в) 45 часа

**42. Комисијата за селекција за вработување на судскиот службеник најдобро рангираниот кандидат од соодветната листа му го предлага на судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор во рок од:**

а) 3 дена
б) 5 дена
в) 8 дена

**43. Предлог за покренување на дисциплинска постапка против судски службеник поднесува:**

а) друго лице
б) секој судски службеник
в) непосредно претпоставениот судски службеник

**44. Постапката за селекција за вработување на судски службеник се состои од:**

а) проверка на веродостојност на докази, испит за судски службеник и интервју
б) административна селекција за вработување, испит за судски службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју
в) административна селекција за вработување, испит за судски службеник, тест на личност и интервју

**45. По завршување на постапката за избор за унапредување на судскиот службеник, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор донесува решение за унапредување на судскиот службеник во рок од:**

а) 8 дена по конечноста на одлуката
б) 5 дена по конечноста на одлуката

в) 15 дена по конечноста на одлуката

**46. Решението за престанок на работниот однос на судскиот службеник го донесува:**

а) Судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е  избран судски администратор
б) Претседателот на судот
в) Судскиот администратор

**47. Жалбата против решение за престанок на работен однос:**

а) го одлага извршувањето на решението
б) не го одлага извршувањето на решението
в) го одлага извршувањето на решението само во определени случаи предвидени со закон

**48. Одредбите од Законот за судска служба за престанок на работен однос за судски службеник:**

а) не се применуваат за припадниците на судската полиција
б) соодветно се применуваат за припадниците на судската полиција

**49. Согласност на Актите за внатрешна организација и систематизација во судовите дава:**

а) Судскиот совет
б) Советот на судска служба
в) Стручната служба на Судскиот буџетски совет

**50. Вредноста на бодотза пресметување на платите на судските службеници се утврдува секоја година со одлука на:**

а) Судскиот буџетски совет
б) Владата на РМ
в) Министерството за правда

**51. Решение за суспензија на Судскиот службеник донесува:**

а) Претседателот на судот
б) Непосредно претпоставениот судски службеник
в) Судскиот администратор

**52. За припадниците на судската полиција соодветно се применуваат одредбите од Законот за судска служба:**

а) само за дисциплинска одговорност
б) за дисциплинска и материјална одговорност
в) само за материјална одговорност

**53. За вработените во судот кои вршат технички и помошни работи соодветно се применуваат одредбите од Законот за судска служба:**

а) само за дисциплинска одговорност
б) за дисциплинска и материјална одговорност
в) само за материјална одговорност

**54. На судскиот службеник му претстанува работниот однос:**

а) со спогодба, по негово барање, по сила на закон и во други случаи утврдени со Законот за судска служба и друг закон и Колективен договор
б) по негово барање, по сила на закон и во други случаи утврдени со Законот за судска служба и друг закон и Колективен договор
в) со спогодба, по сила на закон и во други случаи утврдени со Законот за судска служба и друг закон и Колективен договор

**55. Неполното работно време на вработените во судот изнесува:**

а) најмалку 20, а најмногу 30 часа неделно
**б)** најмалку 15, а најмногу 30 часа неделно
в) најмалку 15, а најмногу 25 часа неделно

**56. Постојани членови на Советот на судска служба се:**

а) Судскиот администратор на Врховен суд, судските администратори на апелационите судови и судските администратори на основните судови со проширена надлежност
б) Судскиот администратор на Врховен суд, судскиот администратор на Управен суд, судскиот администратор на Вишиот управен суд и судските администратори на апелационите судови
в) Судскиот администратор на Врховен суд, судскиот администратор на Управен суд и судските администратори на апелационите судови